Mario De Dona
# E R O N D A

I t a l y

Museum of contemporary arts — Skopje

Музеј на современата уметност — Скопје

15. 9. — 15. 10. 1973



# MARIO DE DONÁ




Мари Де Дона — Еронда

**БИОГРАФИЈА**

Еронда (тоа е псевдоним на еден господин
кој би сакал да забави
но нема храброст тоа да го направи)
всушност се она што тој го прави
не е смешно
иако одвреме навреме луѓето му доделуваат награда
на Еронда
на пример во Монтреал или Бордигера
или Маростика (во Венеција каде што тој живее)
луѓето велат дека тој има чувства за хумор
но Еронда пишува
(без да биде писател)
пишува со графики
бидејќи по професија е графичар
Еронда е свикнат да говори преку букви
во кои ги става своите личности кои (се разбира) не
зборуваат
и така . . . стануваат уште поразбирливи
(на кирилица исто така!)
крај

# ERONDA

MARIO DE DONA — ERONDA — BIOGRAPHY

Eronda (it is the pseudonym of a gentlman
who would amuse
but has notthe courage to do it)
in point of fact all that he does
even if now and then people assign a prize to Eronda
for instance in Montreal or Bordighera
or Marostica (in Venetia where he is living)
people say he has the sense of humour

but Eronda does write
(without being a writer)
he writes by graphic pictures
because he is a graphic by profession
Eronda is used to writing alphabets
on which he puts his characters that (of course)
don't speak
an so . . . they make themselves understood very well
(also in cyrillic alphabet!)
the end

**Марио Де Дона Еронда**

или вкусот на епохата

Кога дизајнерот (каков што е Еронда) е во исто време и карикатурист, светот станува чудесно интересен: се претвора во енигматична игра (ребус, загатка и сл.). Игра во која интелегенцијата е мошне активна. Еронда живее во ерата на диктатурата на окото и доминацијата на сликата. Сликата како иконократија par excellence. Сликата како филм, плакат, реклама, сликарство ... Под опсесија на овие секојдневни визуелни надразнувања, авторот се определува за буквата како најекспонирана знаковна форма денес. Во семожните варијации на буквите и максималното користење на нивната експресивна моќ се открива уметниковата порака (мошне често тој знак наполно се идентифицира со човекот). Еронда најповеќе сака да оперира со вербално-ликовни комбинации и во тоа постојано заменување на поимот и предметот со збор, доаѓа сосема близу до еден извонредно оригинален вид на карикатура што би можеле условно да ја наречеме „концептуална карикатура" (согласно со речиси идентичните стремежи во ликовните уметности). Инаку, основните морфолошки обележја на неговиот ликовен израз духовно кореспондираат со психоделичката и поп уметноста. Станува збор за многу едноставно соопштување, сведено на елементарна идејна ознака, на концепт. Тоа геометриско упростување (без сомнение дојдено како резултат на дизајнерските предиспозиции на уметникот), ја нагласува луцидноста на мислата, инвентивноста и автентичноста на опсервацијата. Иако Еронда го црпи основниот енергетски стимуланс во живата материја на денешнината (пилуломанија, рекламоманија итн.), се задржува и на библиски мотиви, усмерувајќи го битниот интерес кон универзално идејно-филозофски патеки: конфликт, апсурд, деструкција ...

Она што ја сочинува беспрекорноста на оваа оригинална „цртана мисла" е фантастичната совпадност на ликовно-естетските вредности, занаетската перфекција и мисловните императиви.

Задоволство е да се кореспондира со овие префинети графички решенија на Еронда — естетичар со извонредно рафинирана визуелна и ликовна култура. Задоволство е да се соочиме со ваков респект кон „смешниот печат".

С. Д. Абаџиева

**Крај**
The end




**Кивање**
Sneeze



Спор
Contest






LIBERTY
Eronda 68

**Дрскост**
**Insolence**







Нудист
Nude








LA FINE DI Eronda